ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
ЏЕВАТ ИСАКИ ДООЕЛ
Бр. 04/1/2/02
10.06.2019 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр.05-429/3**
**10.06.2019 година**
**С К О П Ј Е**

# Д О Г О В О Р
## За набавка на услуги

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1. **Факултет за безбедност – Скопје**, со седиште на ул. „1" Колонија – Идризово бр. 2А 1000 Скопје, со ЕДБ 403003492649, со ЕМБС 6462910, застапуван од Деканот на Факултетот, проф. д-р Никола Дујовски (во натамошниот текст: Договорен орган), од една страна; и

2. **Друштво за трговија и услуги ЏЕВАТ ИСАКИ ДООЕЛ СКОПЈЕ**, со седиште на бул. „Македонско косовска бригада" бр.79 Скопје, со ЕДБ 4038011504924, со ЕМБС 6729983, со е-маил servis-dzevat@hotmail.com , со трансакциона сметка бр. 300000003317727 депонент на Комерцијална Банка, застапувано од одговорно лице Аднан Јашар (во понатамошниот текст: Економски оператор), од друга страна.

**I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е **јавна набавка на услуги**: **Сервисирање и одржување на патнички и службени моторни возила - по листа на спецификација** за потребите на Договорниот орган, според техничката спецификација и прифатената понуда по Огласот за набавка од мала вредност за услуги до 10.000 евра во денарска противвредност, која се спроведува во електронска форма, а завршува со е-аукција, кои се составен дел на овој Договор.

**II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 2**

Вкупната вредност на јавната набавка, предмет на Договорот, опишан во член 1 од овој Договор изнесува **138.000,00 денари без ДДВ или 162.840 денари со ДДВ.**

**Разлика во цена (корекција на цена)**

**Член 3**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на Договорот за јавна набавка.

## III. РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

**Член 4**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го изврши во деловните простории за кои е регистриран за извршување на дејност, на територијата на град Скопје.

Економскиот оператор е должен предметот на договорот да го извршува сукцесивно на барање на Договорниот орган, за возилата дадени во Техничката спецификација, во текот на 24 месеци, од денот на потпишување на договорот од двете договорни страни.

Доколку возилото не е во возна состојба, Економскиот оператор има обврска на сопствен трошок да изврши транспорт на истото до работните простории (сервис) на операторот во територијата на Република Северна Македонија.

## IV. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Во случај на доцнење на реализирање на услугите предвидени во техничката спецификација по вина на Економскиот оператор, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорена казна – пенали, но не повеќе од 5% од вредноста на неиспорачаната стока која е предмет на овој Договор.

## V. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 6**

При изготвување на фактурата, Економскиот оператот е должен да ги наведе следните елементи:

- Назив на Економскиот оператор, место, седиште, даночен број,
- Број и датум на Договорот,
- Извршените услуги,
- Договорена цена согласно понудата и склучениот Договор,
- Вкупна цена,
- Пресметка за ДДВ и
- Валута на плаќање.

## VI. НАЧИНИ, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Начинот на плаќање е 30 од денот на доставување на фактурата. Во прилог на фактурата, Економскиот оператор треба да достави испратница потпишана од двете страни за извршената услуга. Овој критериум го утврдува Договорниот орган и е обврзувачки за сите Економски оператори.

**Член 8**

Договорот е со важност 1 (една) година од моментот на склучување на Договорот.

## VIII. ВИША СИЛА

**Член 9**

Договорниот орган и Економскиот оператор се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за облигационите односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## IX. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 10**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни се согласни да ги решаваат спогодбено, а доколку во тоа не успеат надлежен за нивно решавање е Основен суд Скопје 2 Скопје.

## X. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 11**

Кога една од договорните страни не ја исполни обврската, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

**Член 12**

Кога една од договорните страни не ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна мора да и остави примерен дополнителен рок од три дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок од три дена, другата договорна страна може да го раскине договорот без отказен рок.

**Член 13**

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна дополнителен рок за исполнување, ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок, при што има право на надомест на штетата.

**Член 14**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна во писмена форма, без одлагање.

Договорот ќе се смета за раскинат со самото доставување на отказот.

**Член 15**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 16**

Со раскинување на Договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евенутуалната штета.

## XI. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 17**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## XII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 18**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и позитивните прописи во Република Северна Македонија.

## XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Измени и дополнувања на Договорот можат да се извршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс-Договор само во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки.

**Член 20**

Овој договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Економскиот оператор.

| | |
|---|---|
| **Договорен орган** | **Економски оператор** |
| **Факултет за безбедност - Скопје** | **ДТУ ЦЕВАТ ИСАКИ ДООЕЛ СКОПЈЕ** |
| **Д Е К А Н** | **Одговорно лице** |
| **Вонреден проф. д-р Никола Дујовски** | **Аднан Јашар** |
| ______________________ | ______________________ |